

Дафина Стојаноска, пратеничка во Собранието од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, гостуваше во емисијата ,,За или против“ на телевизија Алфа, каде зборуваше за подготовките, значењето и очекувањата од претстојниот 18-ти Конгрес на партијата, кој ќе се одржи утре.  Таа истакна дека Конгресот има особено важна улога, како највисоко партиско тело, и дека ќе биде посветен на зацврстување на политичката победа и идната Стратегија Македонија 2030 на ВМРО-ДПМНЕ.

,,Ова е редовен Конгрес којшто се одржува во нашата партија, според статутот, на секои 4 години. Вкупно делегати и гости очекуваме некаде 2600 да бидат присутни на овој 18-ти Конгрес. Ќе се одржи во Кавадарци  во спортската сала ,,Мито Хаџивасилев – Јасмин“, заради бројноста мораше таков објект да избереме“, рече Стојаноска.

Таа додаде дека организациските подготовки се при крај и дека се е подготвено пред

почетокот на Конгресот.

,,Го избравме Кавадарци како град, кадешто досега ВМРО-ДПМНЕ нема одржано Конгрес. Сакавме да биде така, и јас би го прогнозориала како еден празнчен ден за партијата и за сите членови, Конгресот е највисокото наше партиско тело“, вели Стојаноска.

Пратеничката истакна дека кандидат е актуелниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, а и дека пракса е на секој Конгрес да се усвои стратешки документ. Стојаноска истакнува дека очекува Конгресот да ја зацврсти големата победа од 2024 година и локалните избори годинава , а новата стратегија ,,Ново поглавје – Стратегија Македонија 2030“, ќе биде насочена кон продолжување на тој успех.

,,Ова ќе биде негов трет мандат, како претседател на партијата, и да веќе е пракса воведена на секој Конгрес да усвојуваме и по еден стратешки документ. Сега веќе во улога на партија која што е на власт од 2024 година, парламентарните избори“, нагласи Стојаноска и додаде:

,,Очекувам едноставно само да се зацементира она, за што ние пред 2024 година жестоко се боревме. Најголемата победа беше во 2024 година, на било кои парламентарни избори досега. Истото се случи и со последниве локални избори. Во таа насока ќе се движи и стратегијата која што ќе ја усвоиме како конгресен документ“.